Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

**Повторна Јавна анкета и Јавна презентација на предлог Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 05, Блок СЗ 05.01, Општина Ѓорче Петров, Скопје,**

Планскиот опфат на ДУП за градска четврт СЗ 05, Блок СЗ 05.01, Општина Ѓорче Петров, Скопје е дефиниран со границите на Блок СЗ 05.01, одредени со РПЧ на ГУП на Град Скопје, за четврт СЗ 05, Скопје 2014-2022 и ГУП на Град Скопје 2012-2022, со следните граници на плански опфат:

- на северозапад се движи по осовината на собирната улица „Бр. 1“, планирана со ГУП на Град Скопје 2012–2022;
- на југозапад се движи по осовината на собирна улица „Лука Геров“, планирана со ГУП на Град Скопје 2012–2022;
- на југоисток се движи по осовината на Новопланирана сервисна Улица „Тиранска“, планирана со Урбанистичкиот план за Четврт СЗ 05 (плански период 2014–2022) и
- на североисток се движи по осовината на собирна улица „Шар Планина“, планирана со ГУП на Град Скопје 2012–2022.

Вкупната површина на планскиот опфат, што ќе се применува при изработка на Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 05, Блок СЗ 05.01, Општина Ѓорче Петров - Скопје, изнесува **13,169 ha**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени со ГУП на Град Скопје и РПЧ за четврт СЗ 05, Блок СЗ 05.01 и површината до осовините на сообраќајниците.

- Повторната Јавна анкета ќе трае 10 работни дена од 01.06.2022год. до 15.06.2022год., согласно објавата за организирање на повторна јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер“ и „Слободен печат“, во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на повторна јавна анкета и јавна презентација, предлогот на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 05, Блок СЗ 05.01, Општина Ѓорче Петров – Скопје ќе биде изложен во просториите на **УЗ Даме Груев**, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер“ и „Слободен печат“, во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на **08.06.2022 год. во 14:30 часот** во просториите на **УЗ Даме Груев,** Општина Ѓорче Петров, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на **08.06.2022 год. во 15:00** часот во просториите на **УЗ Даме Груев,** Општина Ѓорче Петров.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

Број 09-501/7

од 25.05.2022година

Скопје

**Александар Стојкоски**